РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-843/4
14.04.2022 год.
ПЕТРОВЕЦ

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барање на Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, поднесено под број 09-843 од 2022, врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на Р.Македонија“, бр. 32/20) го донесува следното :

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува Планска програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А 4.3 времен престој- викенд куќи на КП 213/2, КП 213/3 И КП 213/26 КО Градманци - општина Петровец, од инвеститор Георги Поптрајков иницирана од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје.

### Образложение

Барателот Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје поднесе барање за одобрување на Планска програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А 4.3 времен престој- викенд куќи на КП 213/2, КП 213/3 И КП 213/26 КО Градманци - општина Петровец, од инвеститор Георги Поптрајков.
Со барањето ја приложи следната документација

1. Барање за одобрување,
2. Полномошно.
3. Предлог Планска програма
4. Прифатена иницијатива од Комисија за урбанизам при општина Петровец,
5. Решение за услови за планирање на простор

Комисијата за урбанизам на Општина Петровец формирана со Решение од Градоначалник бр. 09-519/1 од 28.02.2022 година, по разгледување на доставената документација достави Мислење заведено под број 09-843/3 од 31.03.2022 година за одобрување на ПП од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А 4.3 времен престој- викенд куќи на КП 213/2, КП 213/3 И КП 213/26 КО Градманци - општина Петровец и постапката за одобрување на УП може да продолжи.
Врз основа на Мислењето од стручната комисија а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на Р.Македонија“, бр. 32/20) Градоначалникот на општина Петровец донесе решение како во диспозитивот.

Упатство за правно средство Против ова Решение барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до Министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторо, со уплата од 200 ден административна такса.

Раководител на одд.
Лилјана Величковиќ,диа

Liljana Velichkovikj
Digitally signed by Liljana Velichkovikj
Date: 2022.04.01 11:15:42 +02'00'

ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
Градоначалник
Борче Митевски дипл.есс

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ